**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-239
12.07. **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), точка 15 и 20 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г., точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 година и Заклучокот бр.02-2749/6 од 12.07.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 22-та седница одржана на 11.07.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузно трговско друштво (РТД) МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми (ЗМ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот програмски сервис емитуван на 6 јуни 2023 г., на државно ниво, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести, насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“ и „Вести од Радио Слободна Европа“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од ЗМ, надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 од ЗМ, издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум. За радиодифузери погоренаведената обврска се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми. Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци: име и презиме на авторот на објавениот прилог, име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите, датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело, потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото, името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Согласно точка 15 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г. (Упатството), во случаите кога се емитуваат уредувачки целини од куси радиовести (флеш вести покуси од 5 минути), доволно е на одјавната шпица да се објават следниве податоци: името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите, името и презимето на спикерот/новинарот, името и презимето на лицето задолжено за техничкото водство на емисијата, датум на продукцијата (ден, месец и година), името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

Согласно точка 20 од горецитираното Упатство, кога емитува програми од туѓо производство, радиото треба да ја емитува оригиналната шпица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 20 јуни 2023 г., изврши редовен административен надзор врз програмскиот сервис на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 14 од ЗМ, на начин што, радиодифузерот ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести, насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“ и „Вести од Радио Слободна Европа (спротивно на точка 15 од Упатството). Спротивно на обврската од точка 20 од Упатството, пак, не беше објавена оригиналната најавна/одјавна шпица со задолжителни податоци за импресумот на радиодневникот што Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје го презема од - „Радио Слободна Европа“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, на 23.06.2023 г., испрати Допис наш арх.бр.10-2547/2 од 23.06.2023 г. со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот е уредно примен на 27.06.23 година. Во предвидениот рок, РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗМ, наш арх.бр.10-2547/3 од 27.06.2023 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 11.07.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување и заклучи на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 од ЗМ, точка 15 и 20 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г., точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 г, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 г. и Заклучокот бр.02-2749/6 од 12.07.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1. на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши

контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горенаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2547/1 од 20.06.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Управителот на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

20.06.2023
10 2547 1

3. Период опфатен со надзорот: 6 јуни 2023 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 20 јуни 2023 година;
5. Предмет на надзорот:
   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. Претходно изречена мерка: /
7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 година, на државно ниво, констатирани се прекршувања на членот 14 од Законот за медиуми (*објавување импресум*).

Спротивно на точката 15 од „*Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците*", во целините од куси радиовести насловени: „Бизнис вести на Метрополис", „Една минута позитивни вести", „Спортски вести", ниту на најавна ниту на одјавна шпица не беа објавени:

- *името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите;*
- *името и презимето на спикерот/новинарот;*
- *името и презимето на лицето задолжено за техничко водство на емисијата;*
- *датумот на продукцијата (ден, месец и година);*
- *името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.*

Спротивно на точката 20 од Упатството, пак, не беше објавена оригиналната најавна/одјавна шпица со задолжителни податоци за импресумот на радиодневникот што Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје го презема од - „Радио Слободна Европа“.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Бизнис вести на Метрополис“; | 10:09:20 | 10:10:25 | *Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот ни на најавна ни на одјавна шпица не објави импресум за наведените изданија на вестите;* |
| | 12:09:28 | 12:10:36 | |
| | 14:11:12 | 14:12:10 | |
| | 16:10:51 | 16:11:57 | |
| „Една минута позитивни вести“; | 11:14:41 | 11:16:37 | |
| | 12:12:38 | 12:14:33 | |
| | 13:14:29 | 13:16:23 | |
| | 14:12:56 | 14:14:54 | |
| | 15:14:24 | 15:16:20 | |
| | 16:13:37 | 16:15:33 | |
| | 17:14:32 | 17:16:29 | |
| | 18:07:40 | 18:09:35 | |
| „Спортски вести“; | 09:09:55 | 09:11:01 | |
| | 11:11:50 | 11:13:15 | |
| | 13:12:13 | 13:13:09 | |
| | 15:10:54 | 15:11:46 | |
| | 17:10:58 | 17:11:52 | |
| „Радио Слободна Европа, програма на македонски јазик“. | 19:00:15 | 19:15:00 | |
| | 22:00:12 | 22:15:00 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, на програмскиот сервис од 6 јуни 2023 година, емитуван на државно ниво, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести, насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“ и „Вести од Радио Слободна Европа“.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за

постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*